# ДА ЈА ИЗРАДУВАМЕ ПРИРОДАТА!!!

## ПРИКАЗНА ЗА ОХРИДСКАТА ЈАГУЛАТА

Охридската јагула е слатководен вид на риба која ги населува водите на Охридското езеро и реките кои му припаѓаат на јадранскиот слив.
Оваа риба припаѓа на фамилијата европски јагули и е една од 16 видови слатководни јагули. Телото на  возрасната јагулата е долгнавесто и сплескано и многу наликува на змија.  Оваа риба е ноќно активна, а во текот на денот се зарива вотињата на дното од езерото. Охридската јагула заедно со сите јагули од Европа, Персискиот залив,северниот и западниот Африкански Брег се мрести во Саргаско Море, меѓу Бермуските Острови и Порторико.Во десетата година женките, а во дванаесетата мажјаците достигнуваат полова зрелост.Кога ќе се случи ова во текот на пролетните и летните месеци јагулата почнува интензивно да се храни со се што може да улови и да се припрема за престојната миграција. Својата миграција кон морето која трае повеќеод една година ја започнува во есенскиот период низ течението на реките исклучиво ноќно време. Во текот на својата миграција јагулите се групирани во јата и се движат  на блиско растојание од брегот. Кога пристигнуваат до морето таму им се придружуваат мажјаците кои групирани чекаат во делтите и крајбрежните подрачја.
Оттаму јагулите тргнуваат кон своите мрестилишта. Тука женките ја полагаат икрата а мажјаците ги оплодуваат милионите јајца што слободно пливаат. Исцрпени од миграцијата возрасните јагули угинуваат и тука ја завршуваат својата мисија. Јајцата постепено се издигнуваат на површината и се изведуваат во ларви. Со нивниот развој започнува и нивниот пат кон назад. Патувањето трае три години и за тоа време ларвите доживуваат маетаморфоза за да стигнат до делтите на реките во форма на сталкести јагули.
Тука настанува потполна метаморфоза и се развиваат во млади јагулчиња.



Едукативен лист 3